**Известување за концентрација со која СИТИ ПЛАЗА ДОО Скопје, Република Северна Македонија ќе стекне контрола над Рамсторе Бугарија ЕАД, Бугарија**

**(предмет бр. 08-45/2021)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 12.03.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Друштво за деловни услуги и трговија СИТИ ПЛАЗА ДОО Скопје со седиште на улица Св.Кирил и Методиј бр.7 Република северна Македонија над Рамсторе Бугарија ЕАД, со регистрирано седиште на ул. Лајош Кошут бр.33, кат 5 стан 26, Софија, Бугаријаи, по пат на стекнување на 100% од акциите во Рамсторе Бугарија, со што и индиректно Сити Плаза ќе се стекне со удел кој претставува 99% од основната главнина во Друштво за трговија и услуги РАМСТОРЕ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со регистрирано седиште на ул.Св. Кирил и Методиј бр.13, Скопје – Центар Република северна Македонија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Сити Плаза** е друштво со ограничена одговорност регистрирано согласно законите на Република Северна Македонија. Содружник кој поседува 97.18% удел во основната главнина на Сити Плаза е Друштво за производство и трговија ЕВРОАСИЈА ТЕХНИКА Ајдован и др. Експорт-импорт ДОО Скопје, со седиште на ул. Кеј Димитар Влахов бр.1 Скопје – Центар, додека останатиот удел во износ од 2.82% од основната главнина е сопствен удел на Сити Плаза. Краен сопственик на Сити Плаза е г-дин Ајдован Адемоски.

Сити Плаза е присутно на релевантниот пазар на давање под закуп на простор за малопродажба во трговски центри во Република Северна Македонија преку сопственоста над трговскиот центар Капитол Мол Скопје (Capitol Mall Skopje). Сити Плаза не е присутно на релевантниот пазар на малопродажни маркети во Република Северна Македонија.Г-дин Ајдован Адемоски ја остварува контролата над Сити Плаза преку неговото учество во капиталот на две зависни друштва – ЕУРОАСИЈА ТЕХНИКАЛ АЈДОВАН и др. Експорт-импорт ДОО Скопје и ПЕРА КОНСТРАКШН ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО Скопје, но истите не се присутни на релевантните пазари во Северна Македонија, односно истите се присутни на пазарот на хотелиерство, односно градежништво.

**Рамсторе Бугарија** е приватно акционерско друштво основано согласно законите на Република Бугарија, кое е во целосна сопственост на Мигрос Тиџарет АД, со регистрирано седиште на Ататурк Мах. Тургут Озал Булевар Бр.7 34758 Аташехир Истанбул Турција, турска компанија која управува со синџир на супермаркети во Турција ("Мигрос"). Рамсторе Бугарија од 2007 година има прекинато со вршење на секакви активности во Република Бугарија и се има повлечено од пазарот за малопродажба во Република Бугарија.

Рамсторе Бугарија има регистрирано корпоративно присуство во Северна Македонија преку Рамсторе Македонија преку својот удел во Рамсторе Македонија кој изнесува 99% од основната главнина на друштвото. Вкупниот приход на Рамсторе Бугарија произлегуваат исклучиво од сопственоста на

капиталот во Рамсторе Македонија. Освен уделот во Рамсторе Македонија, Рамсторе Бугарија не поседува удели во други друштва.

**Рамсторе Македонија** е трговско друштво регистрирано согласно законите на Република Северна Македонија, присутно на пазарот на давање под закуп на простор за малопродажба во трговски центри во Република Северна Македонија преку трговскиот центар Рамсторе Мол Скопје (Ramstore Mall Skopje) кој е во сопственост на Рамсторе Македонија и на пазарот на малопродажни маркети преку ланецот на Рамстор маркети, присутни на пазарот во Северна Македонија со 28 малопродажни маркети лоцирани на територијата на Република Северна Македонија.

Подносителот на Известувањетопредлага за потребите на оцена на концентрацијата како релевантни пазари да се разгледуваат: пазарот надавање под закуп на простор за малопродажба во трговски центри во Северна Македонија (или пошироко како пазар на давање под закуп на простор за малопродажба)и пазарот на малопродажни маркети во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

12.03.2021 година
Скопје